РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДАНЕ КРАПЧЕВ
Бр. 03-328/1
28.06.2018 ГОД.
Гази Баба - Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

## ООУ„Дане Крапчев"Скопје

| | |
|---|---|
| **Период:** | **2016 – 2018 година** |
| **Вид на училиштето:** Основно училиште | **Општинско** |
| **Основач на училиштето:** | **Општина Гази Баба** |
| **Наставен јазик:** | **македонски јазик** |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | **Билјана Павичевиќ** |
| **Директор на Училиштето:** | **м-р Благица Станковска** |
| **Адреса на училиштето:** | **ул„Маџари" бр.9** |
| **Телефон:** | **02- 2525-292** |
| **e-mail:** | **oudanekrapcev@yahoo.com** |
| **web** | **www.oudanekrapcev.edu.mk** |

Scanned by CamScanner

# РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Врз основа на член 147, став 5, од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/08), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Дане Крапчев“ Скопје, за периодот од 2016 година до 2018 год, изврши самоевалуација на работата во ООУ „Дане Крапчев“ Скопје. За секое подречје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе анкета со учениците, наставниците и родителите. Комисијата во состав од пет члена - психологот на училиштето, тројца наставници и еден родител, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.**

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а јаките да се одржуваат.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:

1. **Организација и реализација на наставата и учењето**
2. **Постигнување на учениците**
3. **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**
4. **Управување, раководење и креирање политика**
5. **Комуникации и односи со јавноста**
6. **Училишна клима и култура**
7. **Соработка со родителите и со локалната средина**

Scanned by CamScanner

Врз основа на добиените анализи се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања, слаби страни и приоритетни подрачја.

**Подрачје „ Организација и реализација на наставата и учењето “:**

**Индикатори:**

**- Реализација на наставните планови и програми**

**-Квалитет на наставните планови и програми**

**-Воннаставни активности**

**-Планирања на наставниците**

**-Наставен процес**

**-Искуства на учениците од учењето**

**-Задоволување на потребите на учениците**

**-Оценувањето, како дел од наставата**

**Јаки страни**

- Наставните планови и програми во целост се реализираат во пропишаниот обем.
- Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.
- Училиштето има разработени начини, преку кои ги информира родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите на НПП.
- Во училиштето се следи планирањето и реализацијата на наставата.
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим.
- Училиштето им нуди на учениците избор на изборен предмет.
- Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици.
- Во училиштето постои Координативно тело.
- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.
- Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина.
- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето.

**Слаби страни:**

Scanned by CamScanner

- Недоволно користење активности кои поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми.

**Подрачје „Постигнувања на учениците“:**

**Индикатори:**

**-Постигања на учениците**

**-Задржување/осипување на учениците**

**-Повторување на учениците**

**-Следење на напредокот**

**-Промовирање на постигањата**

**Јаки страни:**

- Секој квартал се прави анализа на успехот и поведението на ученицитеод различен пол,етничка припадност по одделенија и предмети и се врши споредба со претходниот квартал или претходната година
- Училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците
- Училиштето има систем за идентификација на учениците кои имаат тешкотии во учењето,надарените деца, како и на учениците со посебни образовни потреби и континуирано го следи напредокот.
- Наставниците им обезбедуваат подршка на учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици во редовната ,додатната и дополнителната настава..
- Училиштето доследно ја спроведува пропишаната политика за следење на хоризонталното и вертикалното движење на учениците
- Училиштето има изградено политика за опфат на сите ученици од својот реон.
- Речиси сите ученици го завршуваат образовниот циклус.
- Училиштето ја следи редовноста на учениците.
- Училиштето ја почитува постапката за премин на учениците од едно во друго училиште.
- Бројот на учениците што повторуваат е мал.
- Училиштето има пропишана процедура за повторувачи и превзема мерки за намалување на бројот на повторувачи.
- Евиденцијата за напредокот и развојот на учениците им е достапна на наставниците, родителите и учениците.
- За подобрување на наставата се користат слабите страни преку поставување на приоритети на училиштето.
- Училиштето има изработено критериуми за награда и пофалби на учениците ,за избор на првенец на генерација и критериуми за изрекување педагошки мерки на учениците

Scanned by CamScanner

- Училиштето организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик
- Најголем број од наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој

**Слаби страни :**

- Голем број на учениците од ромска етничка припадност се осипуваат од настава.

**Подрачје „Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар "**

**Индикатори:**

**-Наставни средства и матријали**

**-Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

**-Развојно планирање**

**Јаки страни:**

- Училиштето располага со разновидна стручна литература,наставни средства и помагала;
- Планирано користење на ИКТ, како и ефективна и ефикасна употреба на наставни средства и помагала;
- На наставниците на располагање им се соодветни нагледни средства, материјали како и специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби;
- Библиотечниот фонд секоја година се обновува со набавка на нови наслови од средствата што ги издвојува училиштето и од донации;
- Училиштето има политика за професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар;
- Наставниците,стручните соработници и раководниот кадар го креираат својот личен план за професионален развој;
- Училиштето има воспоставено Процедура за следење на примената на стекнатите знаења од обуки;
- Училишниот тим за професионален развој дава препораки за унапредување на компетенциите согласно личниот план за професионален развој

**Слаби страни:**

- /

Scanned by CamScanner

**Подрачје „ Управување, раководење и креирање политика “**

**Индикатори:**

**-Управување и раководење со училиштето**

**-Цели и креирање на училишната политика**

**-Развојно планирање**

**-Сместување и просторни капацитети**

**-Обезбедување на потребниот наставен кадар**

**-Финансиско работење на училиштето**

**Јаки страни:**

- Органицацијата на работата на Училишниот одбор
- Организацијата на работата на Раководниот орган во училиштето
- Функционирање на координативно тело за следење на работата на училиштето
- Оптимална искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и воннаставни активности
- Училишниот двор е целосно ограден и заштитен од надворешни влијанија;
- Училиштето има комплетно променета дограма со која што се обезбедува поголема енергетска ефикасност

**Слаби страни:**

- /

**Подрачје “Комуникации и односи со јавноста”**

**Индикатори:**

**-Внатрешна комуникација**

**-Надворешна комуникација**

**Јаки страни:**

- Во училиштето постои ефикасна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците за задоволување на потребите на учениците.

Scanned by CamScanner

- Постои успешна комуникација на стручните соработници со наставниците, родителите и учениците.
- Има комуникација и соработка меѓу наставниците.
- Има добра комуникација меѓу наставник и родител.
- Постои секојдневна комуникација меѓу наставник и ученик.
- Има комуникација меѓу учениците.
- Постои комуникација и соработка со локалната заедница.
- Воспоставена е комуникација и соработка со институции.
- Учество во разни манифестации и натпревари.
- Редовно ажурирање на WEB страната на училиштето и промоција за работата на училиштето..

**Слаби страни:**

- /

**Подрачје „ Училишна клима и култура“**

**Индикатори:**

**- Училишна клима и односи во училиштето**

**-Еднаквост и правичност**

**-Севкупна грижа за учениците**

**-Здравје**

**-Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

**Јаки страни:**

- Вработените и учениците се горди што се дел од училиштето.
- Постојат кодекси на однесување на сите структури во училиштето кои се применуваат подеднакво за сите.
- Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето и прифатено од возрасните и другите ученици.
- Односот помеѓу учениците и наставниците е заснован на меѓусебно почитување и соработка.
- Постои работна атмосфера на часовите и воннаставните активности.
- Училиштето има демократски избрана училишна – ученичка заедница преку која учениците директно се вклучени во решавањето проблеми и донесувањето одлуки.
- Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата.
- Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.

Scanned by CamScanner

- Има изработено критериуми за награда и пофалби на учениците и критериуми за избор на првенец на генерација и критериуми за изрекување педагошки мерки на учениците.
- Училиштето и училишниот двор се безбедни за изведување на наставниот процес.
- Во училиштето има обучен кадар за заштита од пожари и други елементарни непогоди и обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај.
- Во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се конзумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции.
- Училиштето води грижа за однесувањето на децата и возрасните во превенција од насилство.
- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците.
- Хигиената во училиштето е на високо ниво и училиштето има развиен систем за заштита од болести.
- Училиштето има разработен систем за работа со ученици кај кои се идентификувани пречки во развојот/физичка попреченост, ученици со здравствени проблеми и емоционални тешкотии.
- Училиштето успешно им помага на учениците во изборот во нивното натамошно образование.

**Слаби страни:**

- /

Scanned by CamScanner

**Подрачје: "Соработка со родителите и со локалната средина"**

**Индикатори:**

**- Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**

**- Известување на родителите за напредокот на учениците**

**Јаки страни:**

- Постоење на тимот за подобрување и продлабочување на соработка со родителите;
- Организирање обуки на родителите на конкретна тема;
- Навремено информирање за планираните активности и активностите кои се одвиваат;
- Вклучување во воспитно-образовната работа во училиштето со вклучени родители од сите етнички заедници;
- Учество на родители при обработка на наставни содржини;
- Активно учество во воннаставни активности;
- Училиштето применува ефективни методи на комуникација;
- Учество во хуманитарни акции, донации;
- Учество на родителите во спортските активности на училиштето и учениците во натпревари;
- Родителите се горди што се дел од училиштето;
- Наставниот кадар ужива респект кај родителите;
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува;
- Родителите се запознати со процедура за жалби и поплаки по добиена оцена;
- Спроведување на заеднички проекти;
- Поттикнување и учество на учениците во настани организирани од локалната заедница: Спортски активности, хуманитарни концерти, ликовни конкурси , ликовни колонии, општински и регионални натпревари;
- Соработка со другите училишта и градинки од општината;
- Соработка со средните училишта;
- Соработка и посета на институции од воспитно образовен карактер: аеродром, театар, музеи, зоолошка градина, археолошки локалитети, општина;
- Соработка со невладини организации, фондации;
- Соработка со институции со цел мултиетничка промоција и инклузивност во поширокаата средина;
- Учество во државни и меѓународни конкурси,
- Посета на места со цел воспитно образовен и рекреативен карактер;
- Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка и со деловната заедница. Таа се остварува со субјекти од областа на Еко проектот – НВО, Go Green, Пакомак, Општина Гази Баба, Пивара Скопје АД преку предавања и едукативни работилници; Друштво за консалтинг и услуги Коучинг-Н;
- МРТВ и други ТВ со цел промоција на нашето училиште;

Scanned by CamScanner

Договори за издавање под закуп на училишен простор со правни субјекти;

**Слаби страни:**

- /

Користејќи ги постоечките извори на податоци, постапки и инструменти за собирање на истите, резултатите покажаа дека училиштето во голема мера ги исполнува критериумите на солидно ниво, односно се издвојуваат јаките страни на училиштето, но и слабите страни на истото. Според извршената самоевалуција комисијата донесе одредени предлог - мерки за надминување на некои слаби страни на училиштето, со што ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ**

од **Подрачје „ Организација и реализација на наставата и учењето “:**

- Примена на задачи и активности кои поттикнуваат критичко мислење, анализа и решавање проблеми

**Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.**

**Дата: 27.06.2018год,**

**Комисија за самоевалуација:**

**Вана Миљенко (психолог)**

**Виолета Стоилевска одд.наставник**

Тања Метикош **одд.наставник**

**Лиле Сарваноска предметен наставник**

**Лидија Стојменовиќ родител**

Scanned by CamScanner